*Гоце Ангеличин - Жура*

# ПЕШТЕРНИТЕ ЦРКВИ ВО ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН (Р. МАКЕДОНИЈА, Р. АЛБАНИЈА, Р. ГРЦИЈА)

Бреговите на Охридското и Преспанското Езеро по својата конфигурација се многу погодни за изградба на пештерни цркви и монашки живеалишта. Сето тоа го увиделе првите анахорети и затоа овие простори изобилуваат со овој специфичен вид на сакрални споменици.

Во Охридскиот регион, од Македонска и Албанска страна ги опфативме сите четиринаесет пештерни цркви кои во внатрешноста се исполнети со велелепен живопис.

Овде ги набројуваме и изнесуваме накратко карактеристиките на секој пештерен храм бидејќи истите, како што во духовен поглед се доближуваат, на полето на фрескоживописот се разликуваат.

## Pe{ternata crkva
## Vovedenie na Presveta Bogorodica vo hram - Kaneo

Сместена јужно од главниот храм посветен на Св. Јован Богослов - Канео, во природен карпест амбиент, засолнет од сите три страни со високо издигнати карпи, а само со мал тесен приод од езерото, помеѓу две карпи.

Без оглед на мошне големите оштетувања на фреските, по подетална анализа, овде се распознава композицијата Воведение на Пресвета Богородица во Храм, а според зачуваните остатоци од лицата на младите девојки, драпериите на некои фигури, орнаментиката на облеката од првосвештеникот Захариј и дел од архитектурната декорација во заднината, покажува дека зографот работи во духот на класисистичките ликовни разбирања во стилот на Палеолозите, и затоа се налага заклучокот дека овој пештерен храм бил создаден за монашките потреби при самиот крај на XIV век или почетокот на XV век. [1]

[1] П. Миљковиќ-Пепек и Гоце Ангеличин-Жура, Pe{terniot hram Vovedenie kaj Kaneo vo Ohrid, Ликовна уметност 10-11 (1983-1984), Скопје 1985.



Сл.1. Пештерната црква Воведение на Пресвета Богородица во храм - Канео-

Fig. 1. The cave church The Presentation of the Virgin in the Temple

## Pe{ternata crkva Sv. Bogorodica, s. Velgo{ti

Истата се наоѓа на околу 2 км. источно од Манастирскиот комплекс Св. Петка, некаде во средината од јужната падина на гребенот Клучка, сместена во една природна пештера и вклопена како орловско гнездо во карпестиот предел на планината Петрино.

Пристапот кон овој пештерен храм е многу тежок, би рекле невозможен.

Од некогашниот фрескоживопис сочувани се остатоци во олтарниот простор и тоа претставата на Св. Богородица со малиот Христос и по еден ангел од страната.



Сл.2. Пештерната црква Св. Стефанв - Панцир, Св. Григориј Богослов –

Fig. 2. The cave church St. Stephan – Pancir, St. Grigori the Theologian

Ние овој сочуван фрескоживопис го сместуваме кон крајот на XIV век, но тешкотиите за посигурно и поточно датирање е во тоа што овие фрески во подоцнежниот период се премачкувани и пресликани а посебно кога овој пештерен храм во 1991 год. бил целосно опожарен, така да до сигурни заклучоци за нејзиното датирање би дошле можеби само со фризичко-хемиски анализи на подлогата на боениот слој.[2]



Сл.3. Пештерната црква Св. Богородицав - Пештанска, Св. Никола и св.Ѓорѓи -

Fig. 3. The cave church Holy Virgin – Pestani, St. Nicholas and st. Gerge

### Pe{ternata crkva Sv. Stefan - Pancir

Се наоѓа на околу 5 км. југоисточно од Охрид, над главниот пат што води кон рибарската населба Пештани и е посветен на првиот маченик на христијанската вера Стефан кој се празнува на 2 односно 15 август.

Малата полуоблеста, пресведена црква, во шуплината на карпата постоела уште многу поодамна - IX век, кога на брегот од Охридското Езеро бил многу развиен анахоретскиот начин на подвизување.

Фрескодекорацијата во внатрешноста ја добива во XIV и XV век.

Треба да се нагласи дека единствено во овој пештерен храм е сочуван ктиторски натпис од кој дознаваме дека ктитори за неговата изградба и живописување биле граѓаните од Охрид и жителите на околните села: Шипокно, Коњско и Горица.[3]

---

[2] Г. Ангеличин-Жура, Pe{ternite crkvi na bregot od Ohridskoto ezero, Охрид 1999, со графички приказ на живописот.

[3] Г. Ангеличин-Жура, Pe{ternite crkvi vo Ohridsko-Prespanskiot region /R. Makedonija, R. Albanija, R. Grcija), Струга 2004, ц. л

### Pe{ternata crkva Sv. Bogorodica - Pe{tanska

Сместена во карпите на самиот источен брег од Охридското Езеро, под главниот пат што води кон манастирскиот комплекс Св. Наум.



Сл.4. Пештерниот храм Архангел Михаил, с. Радожда, Чудото во Хона-детаљ -

Fig. 4. For the cave church St. Archangel Michael Radozda , The Miracle in Hona-detail

Фрескоживописот во внатрешноста претставува најголем сликарски ансамбл што е сочуван во еден пештерен храм на брегот од Охридското Езеро - воопшто.

Како уникатен пример го посочуваме насликаниот лик на чудотворецот Св. Наум Охридски, кој е претставен единствено овде, во однос на другите пештерни цркви.

Сликарството на оваа пештерна црква во целост поседува карактеристични одлики на Охридската сликарска школа од седум-

десеттите години на XIV век а таквото мислење наоѓа потврда како во програмското сваќање на целината така и во иконографијата на некои композиции а исто така и во изборот на насликаните светители. [4]

## Pe{terna crkva Sv. Nikola

Истата се наоѓа во падините на планината Галичица, на нејзината јужна страна наречена Осој, помеѓу туристичкиот камп Љубаништа и манастирскиот комплекс Заум.



Сл. 5. Пештерниот храм Архангел Михаил, с. Радожда,

Fig. 5. For the cave church „St. Archangel Michael" Radozda Vovedenije na Bogorodica – The Presentation of the Virgin in the Temple

Во релативно широкиот простор на нерамните површини насликани се композициите Успение на Св. Богородица, Слегување во Пеколот, Мироносници на празниот Христов гроб, Дејзис како и ликовите на архиѓаконот Стефан, Св. Василиј Велики, Св. Петка и др.

Ова сликарство спаѓа во редот на подобрите остварувања од крајот на XIV век на Охридските пештерни цркви, сликарство кое отскокнува од естетските монашки идеали на анахоретската средина од брегот на Охридското Езеро, во смисла на тематскиот избор на сцените и ликовите а уште повеќе во смисла на неговиот колорит.

---

[4] Ц. Грозданов, Ohridskoto yidno slikarstvo vo *XIV*vek, Охрид 1980, ја објавува во целост и т.ц.л

На бреговите од Охридското Езеро, од Албанска страна се наоѓаат четири пештерни цркви кои за жал во едноумието на албанскиот режим, во шеесеттите години на минатото солетие биле разрушени.

Тоа се пештерните цркви Св. Наум, на самиот граничен премин и пештерните цркви на полуостровот Лин, Св. Варвара и Св. Никола.

Единствено сочуван фрескоживопис откривме во пештерниот храм Успение на Пресвета Богородица. Оваа црква ја избегнала судбина на останатите благодарение на тоа што се наоѓа на 1010 м. надморска височина, скоро на самиот планински врв на планината Ќафасан.

При самиот влез, кој е тешко пристапен, се распознава композицијата Успение на Богородица, и од овој фрагментарно сочуван живопис, компарирајќи го со истиот композионен приказ во Охридските цркви, доаѓаме до непобитен заклучок дека непознатиот зограф потекнувал од Охридскиот сликарски круг од II половина на XIV век а сето тоа го изразува преку чувството за колорит како и начинот на исликувањето на ликовите користејќи го сиво маслинестиот инкарнат.

### Pe{terniot hram Arhangel Mihail, s. Rado`da

За црквата е искористена една природна пештера, во правец север-југ. Во целост денешниот изглед црквата го добила во XIV век кога истата е пресликана. Во внатрешноста, влагата со тек на време уништила цели површини па затоа денес е тешко да се дадат некои поконкретни оценки.

Дел од откриените фрески во припратата потекнуваат од XIII век и истите покажуваат дека помладите зографи кои дошле стотина години подоцна да ја исликаат оваа пештерна црква, не го уништиле долниот слој на живописот и во основа ја почитувале старата тематика.

Од времето на XIII век е сочувана импресивната композиција Чудото во Хона, композиција која има директни врски со Охридскиот иконопис од истото столетие. Од XIV век беа откриени досега непознати за научната јавност, ликовите на Св. Климент Охридски и Св. Никола Чудотворец.

Зографите на овој фрескоживопис ја продолжуваат традицијата на Охридската сликарска школа која од шеесеттите до осумдесеттите години од XIV век, не го украсувале само спомениците во архиепископскиот град, туку и пештерните храмови во околината.[5]

[5] Г. Суботић, Peћinska crkva Arhangela Mihaila kod Struge, Зборник Филозофсјог факултета VIII, Београд 1964; Г. Ангеличин-Жура, Peшternite crkvi na bregot od Ohr...11-18; Д. Барџиева-Трајковска, Pe{terna crkva Arhangel Mihail-Rado`da, РЗЗСК, Скопје 2004.



Сл. 6. Пештерната црква Св. Атанасие, Сретеније Христово -

Fig. 6. The cave church St. Athanasius, Receiving the Lord

## Pe{ternata crkva Sv. Atanasie

Истата е посветена на александрискиот архиепископ кој живеел во IV век и се наоѓа на околу триста метри, јужно од манастирскиот комплекс Калишта. Сместена во природна карпа, над самите води од Охридското Езеро, со влез од југоисточната страна а приодот денес е овозможен преку камени скали.

Во внатрешноста е сочуван најголемиот сликарски ансамбл на средновековното сликарство во Струшко.

Од извонредниот фрескоживопис би ги издвоиле импресивните ликови на првите пустиници Св. Антоние, Св. Ефтимие, како и прекрасниот лик на заштитникот на градот Охрид, Св. Климент Охридски.

Неповторливи се и ликовите на великомачениците: Св. Петка, Св. Марина и Св. Варвара, насликани на јужниот ѕид, над самиот влез



Сл.7. Пештерната црква Рождество Богородичино, манастир Калишта, Св. Кирил Филозоф и св. Климент Охридски -

Fig. 7. The cave church Nativity of Virgin Mary monastery Kalista, St. Cyril the Philosopher and St. Clement of Ohrid

од внатрешноста а истите претставуваат раритет бидејќи нивните допојасни ликови се врамени во рамки, како икони, карактеристика која го води своето потекло уште од XI век а тоа го имаме во Охридската катедрала - Св. Софија.

Стилските белези на овие фрески недвосмислено укажуваат на нивно датирање во шеесеттите или седумдесеттите години од XIV век.[6]

### Pe{ternata crkva Ro`destvo Bogorodi~ino, manastir Kali{ta

За пештерната црква е искористена една природна пештера, во ватовитата Мокра планина, чиј пристап некогаш не бил можен, но подоцна со нараснување на манастирскиот комплекс, пристапот бил решен со дрвени скали.

Внатрешноста е исполнета со велелепен фрескоживопис со теми од Стариот и Новиот Завет а сите сигнатури се испишани со црковнословенско писмо.

[6] Ц.Грозданов, Yidnoto slikarstvo i ikonopisot vo Stru{kiot kpaj, Струга и струшко, Струга 1970.



Сл. 8. Пештерна црква Св. Спас - Вознесение Христово, Св. Марина, св. Недела, св. Текла и св. Кузма -

Fig. 8. The cave church St. Saviour - Ascension of Christ, St. Marina, st. Nedela, st. Tekla and st. Cosmoa

Од целокупното сликарство во овој пештерен храм, покрај насликаните ликови на Светиот врач Пантелејмон и неговиот учител Ермолај, за нас е најинтересна и од исклучителна важност композицијата насликана во лунета на северниот ѕид, во кој се насликани Св. Кирил Филозоф и Св. Климент Охридски, т.е. учителот и неговиот ученик а воедно и биограф, како чинодејствуваат, свртени еден кон друг. Оваа композиција е навистина раритет не само во Македонија туку и пошироко а иконографски истата е единствена не само од времето на поствизантискиот период, туку и од предходните периоди.

Во недостиг на пишувани извори, натписот над влезната врата од внатрешноста е уништен, со подетална анализа ова сликарство, посебно по типолошките особености на одделни ликови - Св. Никола, Исус Христос - Пантократор, не наведува на мислење овој фрескоживопис на непознатиот зограф да го поставиме во една поширока рамка, започнувајќи од првата половина на XVI век, времето на Охридскиот архиепископ Прохор, па се до крајот на истото столетио.[7]

[7] Г. Ангеличин-Жура, Stranici od *u*storijata na umetnosta na Ohrid i Ohridsko (*XV-XIX* vek), Охрид 1997, 27-36, со ц.л

### Pe{terna crkva Sv. Spas - Voznesenie Hristovo

Овој пештерен храм се наоѓа на околу 2. км. североисточно од струшкото село Вишни, по кањонот на реката Сушица, на местото викано Јавор или Трпезите. Пештерната црква Св. Спасг е поставена во една карпа, која што од подножјето па до самиот објект е на висинска разлика од околу 90 м. и истата е совладана со патче вкопано во карестиот терен а во поново време со бетонски скали.



Сл. 9. Пештерната црква Св. Еразмо, Теодор Комнен Дука -

Fig. 9. The cave church St. Erasmus, Theodor Comnen Ducas

Внатрешноста ја украсуваат вележепните ликови на Св. Кузманг, Св. Дамјанг, Св. Маринаг, Св. Неделаг, Св. Теклаг а во апсидалниот дел е насликана монументалната претстава на Св. Богородица со малиот Христосг, сигнирана како Спилиотиса-Пештернаг.

Гледајќи ги типолошките особини на ликовите, овој фрескоживопис би требало да го сместиме при крајот на XIV век.[8]

[8] Ц. Грозданов, Struga i stru{ko...; Г. Суботиќ, Ohridskata slikarska {kola od *XV* vek, Охрид 1980.

## Pe{ternata crkva Sv. Erazmo

Култот на Св. Еразмо, Антиохискиот епископ и проповедник на Македонските простори се слави уште од времето на Климента и неговата школа и со неговото име се сврзува верувањето дека тој бил првиот проповедник на христијанството во овој град каде што со илјадници ги покрстувал на Белото Езерог.



Сл. 10. Пештерната црква Св. Богородица, с. Туминец - Р. Албанија, Св. Александар -

Fig. 10. The cave church St. Mary the Virgin, village Tuminec, R. Albania, St. Alexander

Во средновековниот Охрид на Св. Еразмо му е посветена оваа пештерна црква, која што е сместена, би рекле во самата утробаг на Габавскиот Рид, на кој се откриени култури напласти уште од предхристијанскиот период, како што е сеуште загадочната тврдина со киклопски ѕидини од времето на Македонските кралеви.

Живописот на оваа пештерна црква е сочуван во три сликарски фази, од најстариот, времето на XIII век е сочуван ликот на патронот Св. Еразмо. Неговиот лик е насликан и во втората фаза на живописување, поточно од XVI век.

Во научната јавност голем интерес секогаш предизвикувал монументалниот лик на еден византиски император и учените на

средновековното сликарство во него гледале, едни дека се работи за Михаило VIII Палеолог, други, неговиот син Андроник II Палеолог а пак трети, епирскиот деспот, подоцна Солунски цар Теодор Комнен Дука.[9]

## Pe{ternite crkvi vo Prespanskiot region

Следејќи го интересот на проучувачите и на пошироката јавност за овој вид на споменици, малку познати и тешко пристапни не само за обичниот читател туку и за пасиониран проучувач, во изминативе години направивме вонредни напори да ги посетиме пештерните цркви сочувани на брегот од Преспанското Езеро, ценес на територијата на Р. Албанија и Р. Грција.

Нашите напори вродија извонреден успех и овозможија некои од сакралните споменици сега за прв пат да бидат објавени, особено кога станува збор за оние на територијата на Р. Албанија.

За жал кога станува збор за Р. Грција, и покрај сите наши настојувања не успеавме да ги посетиме, па во оваа смисла материјалот поместен во оваа книга се базира во најголем дел на веќе публикувани податоци.

Имено со направениот преглед на сочуваните пештерни цркви во Р. Македонија, Р. Албанија и Р. Грција се добива целосна слика за зачуваниот фонд на овој специфичен вид споменици кои во минатото претставувале дел од една иста етничка и географска целина, формирана во духот на православието, раководена од црковните прелати на Охридската архиепископија.

Со формирањето на новите државни граници, прекинат е континуитетот на уметничкото творештво и вештачки е нарушена целината на ова единствено културно јадро.

## Pe{ternata crkva Sv. Petar i Pavle, s. Kowsko, R. Makedonija

Пештерниот храм се наоѓа во пазувите на Пречна Планина, 1,5 км. јужно од с. Коњско - Преспа, и претставува еден природен пештерен отвор, денес со повлекување на нивото на Преспанското Езеро, на околу 20 м. високо во карпите, со многу тежок пристап.

Пештерата се состои од два дела, пред комора, или место за молитва и внатрешен дел, т.е. монашко живеалиште.

Сочувани се ликовите на Исус Христосг, Св. Петар и Павлег, како и ликови на непознати маченици.

Незнаеме кој бил зографот на овој, по површина мал сликарски ансамбл, но гледајќи го во целина заклучуваме дека овде се работи

[9] П. Миљковиќ Пепек, Sveti Erazmo, pe{terna crkva kraj Ohrid, Скопје 1994.

за сликар кој добро ја познава не само ликовната туку и теолошката содржина на насликаното, и истиот го датираме кон крајот на XIV век.[10]

### Pe{ternata crkva Sv. Bogorodica, s. Tuminec - R. Albanija

Педесетина минути, источно од с. Туминец, во пазувите на карпестиот предел Орлов Рид, само на десетина метри од Македонската граница, се наоѓа овој пештерен храм. Истиот кај мештаните е познат под името Св. Марина кај Глобоко, бидејќи се наоѓа само на стотина метри, источно од манастирскиот комплекс посветен на оваа великомаченица, целосно обновен во 1888 г.

Пештерната црква Св. Богородица се наоѓа на височина од десетина метри а монашкото живеалиште на околу триесетина метри над водите од Преспанското Езеро.

Пред главниот влез во една полукружна ниша, орнаментирана флорално и глави на два лава, е насликана една од најубавите и импресивни претстави на Св. Богородица со малиот Христос од типот Умиление.

Внатрешноста изобилува со насликани композиции на Големите Празници и Светителски ликови.

Од сочуваните натписи дознаваме дека зограф на ова сликарство бил сликарот Алексиј, ученик на Јован зограф, во времето на игуменувањето на јеромонахот Пајсиј кој бил воедно и ктитор.

Теофан Попа ова сликарство го датира кон крајот на XIII и поч. на XIV век.[11]

### Pe{ternata crkva Blagove{tenie - R. Albanija

Истата се наоѓа на околу 50 минути со кајче кога ќе се тргне од с. Глобочани, на западниот брег од Преспанското Езеро, во месноста Црна Пешта (Црна карпа), на една стрмна и висока карпа, на височина од околу 25 м.

Од целокупниот живопис останала само композицијата Благовештениег која е насликана над самиот влез во една полукружна лунета.

Датирањето на оваа насликана композиција го ставаме кон крајот на XIV век.[12]

---

[10] П. Миљковиќ Пепек, Novootkrieni arhitekturni *u* slikarski spomenici vo Makedonija od *XI-XIV* vek, Културно наследство V, Скопје 1973.

[11] Г. Ангеличин-Жура, Pe{ternite crkvi vo Ohridsko-Prespanskiot region..,112-124.

[12] Isto, 125-130.

## Pe{terna crkva Sv. Nikola - R. Albanija

На околу 3,5 км. северно од с. Пустец, во месноста викана Накол, во подножјето на еден карпест предел се наоѓа овој мал пештерен храм.

Од стариот фрескоживопис останале само фрагменти а ликот на патронот Чудотворецот Николаг е пресликан во XIX век.[13]



Сл. 11. Пештерната црква Св. Богородица, остров Мал Град, Ктиторска композиција-

Fig. 11. The cave church Virgin Mary - Island Mal Grad, R. Albania, Donors composition

## Pe{terna crkva Sv. Petka - R. Albanija

На околу два 2 км. североисточно од с. Пустец се наоѓа оваа мала пештерна црква посветена на великомаченицата Св. Петкаг, чиј култ во диецезата на Охридската архиепископија бил многу почитуван.

Поради премачканост со вар во поново време, не бевме во можност да констатираме остатоци на постар живопис.[14]

## Pe{ternata crkva na Arhangelot - R. Albanija

Како последна пештерна црква на брегот од Преспанското Езеро од Албанска страна спрема Грција се наоѓа овој пештерен

[13] Isto, 130-133;

[14] S. Risteski, *Prespa pod Albanija*, Ohrid 1993.

храм. Истиот се наоѓа на околу 5 км. пловејќи со кајче од с. Пустец, на јужниот брег од езерото, на местото, од тамошните жители викано Трстеник.

Пештерната црква се состои од два дела, долен кој бил живеалиште на монахот и горен во кој е изграден параклис во внатрешноста со живопис.



Сл.12. Пештерната црква Св. Богородица, остров Мал Град, Кесар Новак и његова жена Кали-

Fig. 12. The cave church Virgin Mary - Island Mal Grad, R. Albania, The kesarus Novak with his wife Kali

Во олтарниот простор е насликана Св. Богородица со Христосг а под нив композицијата Поклонување на Агнецг. Во нишата на проскомидијата е насликан првиот мачeник на христијанската вера Св. Стефанг, а десно од него Симеон Столпникг. Под него е испишан натпис во кој се споменува јеромонахот Висарион.

Фрескоживописот Теофан Попа го датира во XII век во што навистина се сомневаме, датирајќи го кон крајот на XIV век. Истата датација ја ставаме и за насликаниот лик на Св. Богородица со малиот Христосг претставени во полукружната лунета, над влезот од монашкото живеалиште.[15]

---

[15] Г. Ангеличин Жура, Pe{ternite crkvi vo Ohridsko-Prespanskiot region..., и.т.ц.л 135-144;

## Pe{ternata crkva Sv. Bogorodica, ostrov Mal Grad - R. Albanija

Островот Мал Град се наоѓа на околу 3 км. североисточно од с. Пустец, во југоисточниот дел на Преспанското Езеро. Истиот изобилува со повеќе природни пештери, кои во времето на доаѓањето на Светите Климент и Наумг, биле исполнети со монаси а подоцна во XIV век, времето на засилениот анахоретски начин на живеење, послужиле како основа за формирање на пештерни цркви и манастири, исполнети во внатрешноста со велелепно сликарство од непознати но многу талентирани зографи.

На овој остров во средновековието се наоѓала летната резиденција на Македонскиот цар Самуил.

Интерес на нашите научни проучувања беше пештерната црква Св. Богородицаг која со својот фрескоживопис отскокнува од другите пештерни храмови, расфрлени по бреговите на Охридското и Преспанското Езеро.

Овој пештерен храм низ виорот на времето претрпел измени а тоа го дознаваме од трите сочувани натписи.

Во првиот, воедно и најстар, кој се наоѓа во апсидалниот дел е напишано дека прв ктитор на храмот бил Бојко со неговата сопруга Евдокија во 1345 год.

Вториот натпис, испишан, северно од внатрешноста на западната врата, над насликаните ликови на Св. Константин и Елена, содржи текст во кој се споменува обновителот на храмот, кесарот Новак, неговата сопруга Кали, синот Амирал и ќерката Марија, во годината 1369.

Третиот натпис потекнува од 1607 год. кога надворешната западна фасада била пресликана со композицијата Страшниот Судг.

Нашето големо научно откритие се состои во откривањето на светителските ликови на Св. Елефтеријг, првиот епископ на Илирик и ликот на Св. Климентг сигниран како Охридски. Истите се насликани на јужниот ѕид и тоа во олтарниот простор што навистина претставува раритет во сликарската иконографија воопшто и би рекле дека ова е уникатен пример досега непознат во научната јавност.

Непознатите зографи припаѓале на Костурската сликарска работилница која дваесетина години плодно работела и делувала за ктитори од различно потекло а тоа е времето на политичката раздробеност на овие простори, втората пол. на XIV век.

Делот на Преспанското Езеро, денес во Р. Грција по својата конфигурација е многу погодна за изградба на пештерни цркви и монашки живеалишта.

Во Мала Преспа се наоѓаат два острови, помалиот наречен Видрониси и поголемиот Св. Ахил, на кој се наоѓала престолнината на Македонскиот цар Самуил. По пренесувањето на моштите на Ларискиот епископ Св. Ахил и со изградбата на велелепната трокорабна базиликална црква посветена на светителот, овде се удриле темелите

на Македонската Патријаршија и во овој монументален Македонски храм се одржувале повеќето црковни собири започнувајќи од времето на царот Самуил па се до средновековието.[16]

### Pe{terna crkva Sv. Bogorodica - Eleusa - R. Grcija

Пештерната црква е еднокорабна градба, со полуоблест свод, сместена во една пространа природна пештера, на југозападниот дел од Преспанското Езеро.

Од повеќето сочувани натписи дознаваме дека еднокорабната црква е посветена на Св. Богородица - Милостива, истата е насликана во полукружната ниша, над западната влезна врата, а за изградбата се ангажирале ктиторите еромонаси: Сава, Јаков и Варлаам, на крајот се споменува годината 1409-10.

Фрескоживописот е дело на зографот Јоаникиј.[17]

### Pe{terna crkva Voznesenie Hristovo - R. Grcija

Храмот се наоѓа во една природна пештера, високо во карпите а приодот кон црквата е многу тежок. Сочуван е само олтарниот простор во кој се насликани Св. Василиј, Св. Јован Златоуст од композицијата Поклонување на Агнец а над нив е претставена Св. Богородица Влахернитиса, во проскомидијата е насликан Архиѓаконот Стефан.

Предходните проучувачи сметаат дека над конхата од апсидата е насликана композицијата Тајната Вечера, што е апсурд бидејќи од фотографиите јасно се гледа дека оваа композиција го претстатува Слегувањето на Светиот Дух.

Фрескоживописот се датира во XV век.[18]

### Pe{terna crkva Preobra`enie Hristovo - R. Grcija

Во еден мал залив, непосредно до самите води на Преспанското Езеро се наоѓа малата еднокорабна пештерна црква посветена на Преображението Христово.

За жал фрескоживописот низ виорот на времето е целосно уништен и од фрагментите што останале во сводот, оваа пештерна црква се датира во XIII век.

Во непосредна близина на овој пештерен храм се наоѓаат поголем број живеалишта на испосници.[19]

---

[16] Isto,144-172; со најсевкупна и целосна досегашна литературе.

[17] Г. Суботиќ, Ohridskata slikarska {kola od *XV* vek, Охрид 1980, 34-42 (Сл. 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14)

[18] Г. Ангеличин Жура, Pe{ternite crkvi vo Ohridsko-Prespanskiot region.., и таму ц. л

[19] Isto, и таму ц. л

*Goce Angeličin-Žura*

CAVE CHURCHES IN THE AREA OF OHRID AND PRESPA
(REPUBLIC OF MACEDONIA, REPUBLIC OF ALBANIA, REPUBLIC OF GREECE)

In centuries-old heritage of Ohrid and Prespa, cave churches and monastic dwellings assume an exceptionally significant position. Most of them, built into naturally shaped or hand-hewn cliffs in different periods, are nowadays really impressive by their extraordinary diversities not only related to the building skills and locations but to the manners of their frescoing as well.

The chronology of the appearance of cave churches and monastic dwellings on the shores of the lakes of Ohrid and Prespa cannot be precisely determined, since written sources about them are scarce or completely missing. However, their origin should certainly be traced back to the times when Climent and Naum had come to this region.

Having accepted Christianity in the mid 9th century, the South Slavs who were in the closest, immediate contact with Byzantium and its culture, spiritual qualities and religion, would also accept monasticism as a higher form of expressing their religious commitments.

Rich literary heritage, in particular hagiographies of Climent and Naum, reveal the beginnings of monastic organization and life on the lake shores of Ohrid and Prespa.

Saint Naum prepared in his monastery a great number of monks who would inhabit the caves on the shores of Ohrid and Prespa, having acquired the anachoretic way of accomplishing good works.

The places where they had lived their monastic lives in constant prayers shall serve to their successors as holy places, in which cave churches and monastic cells shall be founded.

A new impetus, new rise of monasticism on the lake shores of Ohrid and Prespa, took place at the end of the 13th and during the 14th century, under the influence of new Christian mysticism incorporated in the Isihiastic doctrine of the Athos Mount monasticism.

Cave churches in Macedonia represent the outcome of the conflicts between the leader of the Isihiastic Movement, St. Gregory Palamas, and the effervescent Hellenic humanist, the philosopher Varlaam of Calabria.

This period and such people brought about cave churches along the shores of the lakes of Ohrid and Prespa, the temples of transcendental and eternal beauty.